Примено: 24.11.17
03 316/1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 20-571/3
12.10.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 12. седница одржана на 16.09.2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Софтверски технологии" втор циклус студии на Факултет за информатика при Меѓународен Славјански универзитет „Г.Р Державин" Свети Николе - Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Софтверски технологии" втор циклус студии на Факултет за информатика при Меѓународен Славјански универзитет „Г.Р Державин" Свети Николе - Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по информатика,** Научно - истражувачко подрачје: Софтверски науки, научно - истражувачко поле: Софтверски науки, научно - истражувачка област: Софтверски технологии и друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за информатика, втор циклус циклус студиска програма „Софтверски технолоиии",на 01.04.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 8. седница, одржана на 05.04.2016 година, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 12. седница одржана на 16.09.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Горазд Росоклија